**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Општина БОГДАНЦИ**
**бр. 11- 34/ 17**
**од 15.05.2023год.**

---

*Одделение за урбанизам и градежништво*

Градоначалникот на Општина Богданци, решавајќи по службена должност, врз основа на член 97 од Законот за општа и управна постапка („Службен весник на РМ“ бр 124/15 и 65/18), донесува:

**З А К Л У Ч О К**
**за исправка на грешка**

Во Потврдата за одобрување на Урбанистички проект со план за парцелација за КП број 10339/1, КП број 10339/2, КП број 10340/1, КП број 8946, и дел од КП број 8909/1, КО Богданци, од ДУП на Богданци, Општина Богданци; број 11 – 34/14 од 28.03.2023 год., издадена од Општина Богданци, се исправа следната грешка: наместо зборовите „ Урбанистички проект со план за парцелација за КП број 10339/1, КП број 10339/2, КП број 10340/1, КП број 8946, и дел од КП број 8909/1, КО Богданци, од ДУП на Богданци, Општина Богданци “ треба да стои: „Урбанистички проект со план за парцелација за дел од КП број 10339/1, КП број 10339/2, дел од КП број 10340/1, дел од КП број 8946, и дел од КП број 10341/1, КО Богданци, од ДУП на Богданци, Општина Богданци “. Цитираниот текст се менува во насловот на Потврдата и во целиот текст каде се среќаваат зборовите.

Оваа исправка има правно дејство од денот од кој има правно дејство Потврдата што се исправа.

**Образложение**

По барање на Раде Станковиќ ул. „Дојранска“ бр.66 Богданци под број 11-1762/3 од 13.10.2022 год., овој орган донесе Потврдата за одобрување на Урбанистички проект со план за парцелација број 11 – 34/14 од 28.03.2023 год. со кој на барателот му се одобрува Урбанистичкиот проект со план за парцелација за КП број 10339/1, КП број 10339/2, КП број 10340/1, КП број 8946, и дел од КП број 8909/1, КО Богданци, од ДУП на Богданци, Општина Богданци. При водење на постапката за преклоп на Урбанистичкиот проект со план за парцелација, Агенцијата за катастар на недвижности утврдила недоследност: „ Доставената Потврда за одобрување на урбанистичкиот проект не соодветствува во целост со насловот на доставената проектна документација“ со Известувањето по констатирани недостатоци број 0939-4724/4 од 04.05.2023 год. издадено од Агенцијата за катастар на недвижности.

Во Потврдата за одобрување на Урбанистички проект со план за парцелација е направена наведената грешка, заради што во смисла на член 97 од Законот за општа управна постапка потребно е да се исправи.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против овој заклучок може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобрението до Министерот кој раководи со Министерството за транспорт и врски.

Жалбата се таксира со 250,00 ден. Административни такси според тарифен број 2.

Таксата е платена согласно Законот административни такси и доказот за извршената уплата е доставен кон барањето.

**Доставено до:**
**-** Барателот
- Градежен инспектор
- Архива

**Изработил**:
Соња Маџирова

**Градоначалник на Општина Богданци**
Блаже Шапов

Blazhe Shapov

Digitally signed by Blazhe Shapov
Date: 2023.05.17 08:34:31 +02'00'